РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 04-2897/37
02-12-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), а во врска со објавениот Интерен оглас број 01/2024 за унапредување на 5 (пет) административни службеници во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување**

1. За работното место Виш соработник за стратешко планирање и следење на остварувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Одделение за стратешко планирање, соработка, проекти, аналитика и едукација, Сектор за стратешко планирање и интегритет, се избира кандидатот **Газменд Бафтии**.

2. Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

3. Одлуката за избор на кандидатот за унапредување ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Државната комисија за спречување на корупцијата по добиено известување со архивски број 19-8054/2 од 14.10.2024 година од Министерството за финансии, за обезбедени финансиски средства во буџетот на ДКСК за тековната фискална 2024 година, за унапредување на 5 (пет) лица, ја започна постапката за унапредување на административни службеници со Барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници бр.04-2897/1 од 14.11.2024 година, во кое беше назначено нивото и описот на работните места кои се предлагаат за пополнување.

За започнување на постапката за унапредување и објавување на интерниот оглас, до Агенцијата за администрација е доставено Известување за објавување на

интерен оглас и барање за номинација на членови бр.04-2897/3 од 14.11.2024 година, по што на ден 18.11.2024 година Интерниот оглас број 01/2024 за унапредување на 5 (пет) административни службеници во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата е објавен на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација.

За спроведување на постапката за селекција за унапредување по интерниот оглас - фаза административна селекција и интервју, со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување за работното место под реден број 5, број 04-2897/18 од 26.11.2024 година формирана е Комисија за селекција за унапредување, за горенаведеното работно место.

На интерниот оглас за ова работно место се пријавија вкупно 2 (двајца) кандидати.

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас, при спроведувањето на постапката на административна селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавите со општите и посебни услови објавени во интерниот оглас, приложените докази во пријавите и нивно бодирање, за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас, број 04-2897/35 од 29.11.2024 година.

По спроведената административна селекција со двајцата уредни кандидати се спроведе интервју.

Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас состави Финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на Финалната ранг листа и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука за избор на кандидатот Газменд Бафтии.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатот и објава на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Генерален секретар,
Адем Чучуљ

Доставено до:
- Именуваниот административен службеник
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива